# Policy Position Papers

# Од областа на Градежништво

**Мислење на проектиран степен на механичка отпорност, стабилност и сеизмичка заштита за одреден објект од страна на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија да се овозможува да се издава во законски предвидениот временски рок**

# Формулар за идентификување на проблеми –

# Позиционен документ

# (Policy Position Paper)

*Овој документ ќе се користи како алатка за потребите на „Проектот на УСАИД – Партнерство за подобра бизнис регулатива“ за идентификување на ограничувачки институционални политики, како и за подобрување на конкурентноста и правната усогласеност на компаниите*

| **Датум:** | **Поднесено од:** | **Краток назив на ИДЕНТИФИКУВАНИОТ ПРОБЛЕМ (Policy Issue):**<br><br>Мислење на проектиран степен на механичка отпорност, стабилност и сеизмичка заштита за одреден објект од страна на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија да се овозможува да се издава во законски предвидениот временски рок |
|---|---|---|

Овој ИДЕНТИФИКУВАН ПРОБЛЕМ е релевантен за подобрување на регулативата во (заокружи):

***Сектор - Земјоделство; Сектор - Градежништво; Сектор - Туризам; Сектор - Текстил; Сектор – ИКТ ; Сите Сектори***

1. **Краток опис на ИДЕНТИФИКУВАНИОТ ПРОБЛЕМ (Policy Issue)– За кои проблеми е потребно решение? Каква е моменталната ситуација (Анализа на политики: моментални околности, конкретно идентификување на проблеми)**

   Во Република Македонија на градежните компании, но и на останатите компании кои ги проширувaат своите капацитети задолжително е да им се издаде наведеното

мислење од страна на ИЗИИС во законски предвидениот рок од 15 дена. Со цел да се поддржуваат инвестициони проекти кои заедно придонесуваат за развој на националната економија, неопходно е да се скрати во праксата долгиот рок на чекање, односно истиот да се издава во рамки на законски утврдениот рок кој изнесува 15 дена.

2. **На кој начин ИДЕНТИФИКУВАНИОТ ПРОБЛЕМ (Policy Issue) негативно влијае врз конкурентноста , работењето и правната усогласеност на компаниите?**

   Временскиот период на добивање на одобрение за градење се пролонгира со ненавременото издавање на Мислењето од страна на субјектот кој врши научноистражувачка дејност.

3. **На каков начин компаниите се соочуваат со ИДЕНТИФИКУВАНИОТ ПРОБЛЕМ (Policy Issue) и каква е нивната процентуална застапеност по сектори во однос на проблемот?**

   За добивање на одобрение за градење неопходно е потребно и Мислењето од страна на субјект кој врши научноистражувачка дејност во областа на заштита на градби од сеизмички влијанија, во овој случај ИЗИИС. Засега само оваа институција, согласно Законот за градење, го издава Мислењето, при што се пролонгира и рокот на нивно издавање, заради голем број на барања, но и специфичноста на самата проблематика.

   Засега само ИЗИИС ги издава овие мислења, па затоа е покрената иницијатива за промена на член 4-а од Законот за градење.

4. **Кои се важечките закони , подзаконски прописи ( наведување на членовите ) кои го регулираат ИДЕНТИФИКУВАНИОТ ПРОБЛЕМ (Policy Issue)?**

   Закон за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/2009, 124/2010, 18/2011, 36/2011, 54/2011, 13/2012, 144/2012, 25/2013, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 217/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016, 39/2016, 71/2016 и 132/2016). Одлуки на Уставниот суд на Република Македонија У. бр. 262/2009 од 2 февруари 2011 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 18/2011, У. бр. 212/2010 од 30 март 2011 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/2011 и У. бр. 114/2015 од 11 мај 2016 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/2016.

5. **Кои државни институции се директно вклучени во регулирањето или решавањето на овој проблем? Дали треба да бидат вклучени и дополнителни институции?**

   Со промена на членот 4-а од Законот за градење, се предлага да бидат вклучени и други институции кои врши научноистражувачка дејност во областа на заштита на градби од сеизмички влијанија, односно да не се прецизира дека само научен специјализиран институт би можел да ги издава овие мислења. Во нашата земја има експерти кои работат во областа на механичка отпорност, стабилност и сеизмичка заштита на градбата. Со тоа се отвара можност за вклучување и на други субјекти.

6. **Како овој проблем е регулиран во други држави?**

   Согласно законските прописи во областа на градежништвото во земјите од Регионот, секогаш се пресметувала механичката отпорност, стабилност и сеизмичката заштита на градбата.

7. **Кои се квантитативните и квалитативните резултати/придобивки кои ќе ја подобрат конкурентноста на компаниите, а кои директно ќе произлезат од успешното адресирање – упатување - решавање на ИДЕНТИФИКУВАНИОТ ПРОБЛЕМ (Policy Issue)?**

   Скратување на временскиот период при издавањето на мислењата за проектираниот и изведениот степен на механичка отпорност, стабилност и сезимичка заштита на градбата, ќе придонесе да се скрати и самиот процес при добивањето на одобрение за градење на инвеститорите.

8. **Кои се квантитативните и квалитативните резултати/придобивки фискални импликации на Државата, доколку ИДЕНТИФИКУВАНИОТ ПРОБЛЕМ (Policy Issues) успешно се адресира – упати – реши ?**

   Со промена на законската регулатива од страна на надлежното министерство, предложено од бизнис заедницата ќе се овозможи побрзо издавање на одобренија за градење, со што и самата градба ќе отпочне да се гради во предвидениот рок од страна инвеститорот односно изведувачот. Државата ќе има прилив на средства од ДДВ, даноци и придонеси на вработените од производството на градежните материјали и од самиот градежен сектор.

9. **Предлог решенија и очекувани резултати? Што сакаме да се постигне, во која насока треба да се насочиме? (главни цели)**

Со цел да се скрати временскиот период на добивање на мислење, како и да се елиминира монополската положба на една институција, се предлага да бидат вклучени и други институции кои вршат научно истражувачка дејност во областа на заштита на градби од сеизмички влијанија, односно да не се прецизира дека само научен специјализиран институт би можел да ги издава овие мислења.